# З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

# ЗА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА

**(законот е објавен во Службен весник на СРМ, бр. 81 од 21 декември 1999 г.)**

Член 1

Во Законот за цивилните инвалиди од војната ("Службен весник на СРМ", број 33/76, 25/79, 11/81 и 4/85, 12/89, 17/91 и "Службен весник на Република Македонија, број 38/91) членот 9 се менува и гласи:

"Висината на цивилната инвалиднина за цивилните инвалиди од војната се утврдува според личната инвалиднина на воените иналиди од I-та група која изнесува 1,80% просечна месечна плата остварена во Република Македонија за тековниот месец. Податоците за просечната месечна плата за тековниот месец ги утврдува Заводот за статистика на Република Македонија.

Висината на цивилната инвалиднина за цивилните инвалиди од војната се утврдува за:

-I -та група-50% од личната инвалиднина на I-та група воени инвалиди кои користат нега и помош од друго лице;

- II- та група - 73% од цивилната инвалиднина на I-та група цивилни инвалиди од војната:

- III -та група - 55% од цивилната инвалиднина на I-та група цивилни инвалиди од војната;

- IV -та група - 40% од цивилната инвалиднина на I-та група цивилни инвалиди од војната: и

- V- та група -30% од цивилната инвалиднина на I-та група цивилни инвалиди од војната."

Член 2

Во член 10 став 1 по зборовите: "воените инвалиди" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: " а во висина од 50% од ова право на воените инвалиди".

Ставот 2 се менува и гласи:

"Цивилната инвалиднина од член 9 став 1 на овој закон и додатокот за помош и нега од друго лице од став 1 на овој член се валоризираат на ист начин како и за воените инвалиди, а во процент утврден во член 9 став 1 на овој член."

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за цивилни инвалиди од војната.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник" на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија.